**20180410811**

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Врз основа на член 90, став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16 и 172/16), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ

Член 1

Во Правилникот за геодетски работи за посебни намени („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/13, 88/14, 110/14, 132/14, 56/15, 195/16 и 2/17), во членот 10, став (1) бројот „3“ се заменува со број „4“.

По алинејата 15 се додава нова алинеја 16 која гласи:

„- дигитален катастарски план за новоутврдената состојба на недвижноста предмет на геодетскиот елаборат во соодветен формат;“

Алинеите 16 и 17 стануваат алинеи 17 и 18.

Член 2

По членот 10 се додаваат нов наслов и нов член 10-а кои гласат:

„Потврда за проверка на геодетски елаборат

Член 10-а

(1) Геодетските елаборати од членот 4 на овој правилник, со исклучок на геодетскиот елаборат за ажурирање на геодетски подлоги, треба да содржат и потврда за проверка на геодетски елаборат.

(2) Потврдата од ставот (1) на овој член ја издава Агенцијата на барање доставено преку електронскиот шалтер од страна на трговецот поединец овластен геодет, односно трговското друштво за геодетски работи, кон кое се приложува дигитален катастарски план за новоутврдената состојба на недвижноста предмет на геодетскиот елаборат во соодветен формат заради проверка.

(3) По извршената проверка на дигиталниот катастарски план од ставот (2) на овој член, се генерира потврдата од ставот (1) на овој член во форма на електронски запис и со истата се потврдува дека содржината на дигиталниот катастарски план ги исполнува условите за тематска и тополошка конзистентност за негово внесување во е-кат како интегрирана база на графички и алфанумерички податоци.

(4) Геодетските елаборати кои содржат потврда за проверка на дигиталниот катастарски план за новоутврдената состојба на недвижноста предмет на геодетскиот елаборат, но заради промени кои во меѓувреме настанале во базата не можат да бидат внесени во е-кат како интегрирана база на графички и алфанумерички податоци, Агенцијата ги усогласува по службена должност.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-7339/1
28 февруари 2018 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Дејан Ампев,** с.р.